С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 7 година XLII** **27 Април 2006**	Претплата за 2006 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

102.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З **А К Л У Ч О К**
за прогласување на Одлуката за востановување на свечена песна-химна на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за востановување на свечена песна-химна на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.04.2006 година.

Број 0801-1598/2
27 април 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 15, од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 7,став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006 година, донесе

ОДЛУКА
за востановување на свечена песна химна на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се востановува свечена песна химна на Општина Велес (во понатамошниот текст химна).

Член 2

За химна на Општина Велес се востановува народната песна „Болен ми лежи Миле Поп-Јорданов“.

Член 3

Градоначалникот на Општина Велес ќе распише повикан конкурс за изработка на аранжмани на химната за оркестарска, хорска и инструментална изведба.

Член 4

Изборот на аранжманите ќе го изврши трочлена стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Член 5

На авторите на избраните аранжмани ќе им се исплати надомест од 10.000 ден. по аранжман врз основа на склучен договор преку Агенцијата за авторски права на Република Македонија, од Буџетот на Општина Велес.

Износот од 10.000 е во истовреме и авторски хонорар.

Член 6

Составен дел на оваа Одлука е нотниот запис, со демо снимка на аранжманите и текстот на химната „Болен ми лежи Миле Поп-Јорданов“.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1586/3
26.04.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

103.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување на заштитен знак на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за утврдување на заштитен знак на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.04.2006 година.

Број 0801-1598/3
27 април 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 15, од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 7,став 1од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на заштитен знак на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува заштитен знак на Општина Велес.

Член 2

За заштитен знак на Општина Велес се утврдува афионска чушка (афионска шапка).

Член 3

Градоначалникот на Општина Велес ќе распише повикан конкурс за изработка на дизајн со стилизирана форма на заштитен знак.

Член 4

Изборот на најуспешниот предлог ќе го изврши трочлена стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Член 5

На авторот на избраниот дизајн со стилизирана форма на заштитен знак ќе му се исплати надомест од 10.000 денари, врз основа на склучен договор преку Агенцијата за авторски права на Република Македонија, од Буџетот на Општина Велес.

Член 6

Составен дел на оваа Одлука е цртеж и модел на заштитниот знак.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1586/4
26.04.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

104.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување на маскота на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за утврдување на маскота на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.04.2006 година.

Број 0801-1598/4
27 април 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 15, од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23,став 1 точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.1/03,5/05 и 9/05),Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на маскота на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува маскота на Општина Велес.

Член 2

За маскота на Општина Велес се утврдува стилизиран цртеж на видра.

Член 3

Градоначалникот на Општина Велес ќе распише повикан конкурс за изработка на дизајн со стилизиран цртеж и модел на маскотата.

Член 4

Изборот на најуспешниот предлог ќе го изврши трочлена стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Член 5

На авторот на избраниот стилизиран цртеж и модел на маскотата ќе му се исплати надомест од 10.000 денари, врз основа на склучен договор преку Агенцијата за авторски права на Република Македонија, од Буџетот на Општина Велес.

Член 6

Составен дел на оваа Одлука е цртеж, фотографија и модел на маскотата.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1586/5
26.04.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

105.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес", бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.04.2006 година.

Број 0801-1598/5
27 април 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 57 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23 став 1 точка 1 и член 57, став 2 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 1/03,5/05 и 9/05), Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.04 2006 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес („Сл. Гласник на Општина Велес" бр. 6/05, 8/05 и 1/06), во членот 4, став 2, после зборовите „општинската администрација" се додаваат зборовите „под директна надлежност на Градоначалникот функционира Одделение за инспекциски надзор, а"

Член 2

Во членот 6, став 1, точка 4 зборовите „Одделение за економски развој и информатичка технологија " се бришат.

Член 3

Во член 7, став 1, точка 3 зборовите „Одделение за инспекциски надзор", се бришат и се заменуваат со зборовите „Одделение за економски развој и информатичка технологија".

Член 4

Во делот 3. „ДЕЛОКРУГ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ" , точката А4 „Одделение за економски развој и информатичка технологија" се брише, а членот 12 станува член 15, а членовите 13 и 14 се намалуваат за еден.

Член 5

Во точката Б3 зборовите „Одделение за инспекциски надзор"се бришат и се заменуваат со зборовите„Одделение за економски развој и информатичка технологија".
Точката Б3 „Одделение за инспекциски надзор" станува точка Г, а член 15 станува член 17.

Во понатамошниот текст бројот на членовите се зголемува за еден.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Велес".

Број 0701-1586/6
26.04.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

106.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.04.2006 година.

Број 0801-1598/6
27 април 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште (“Сл.весник на РМ” бр.33/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03, 5/05, 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година

`1.Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-1586/7
26.04.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ”бр.53/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година

1.Во Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година (“Службен гласник на општина Велес” бр. 1/06, 3/06, 4/06) се врши измена:

1.1. во глава IV. - ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА :

После став 1 Програмата за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 год. се финансира преку следните извори на средства,

-позиција 1 Средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на објекти износот „20.000.000,оо ден.” се брише и се заменува со „13.541.378,5о ден.” а после позиција 9 се додава

...нова позиција „10. Пренесен вишок од претходна година” со износ од „6.458.621,50 ден.”

1.1. во глава V.- ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

После став 1 Трошоците за реализација, според намената и по поедини видови на елементи за уредувањето на општината се: во табелата Видови на трошоци,

-позиција Ф Урбано планирање износот „27.000.000,оо ден. “ се брише и се заменува со „24.200.000,оо ден.”.

-позиција Ф2 Одржување на улици износот „5.700.000,оо ден”. се брише и се заменува со „5.900.000,оо ден.” а во:

...точка 3.8-ма Велешка - асфалтирање износот „500.000,оо ден.” се брише и се заменува со„ 400.000,оо ден”.

...точка 6.ул.Петре Прличко - за такси станица износот „100.000,оо ден.” се брише и се заменува со „400.000,оо ден.”

…точка 11.Ганчо Хаџи Панзов во заградата зборот „асфалтирање” се брише и се заменува со „бетонирање со потпорен ѕид”.

-позиција Ф3 Уредување на простор во рурални подрачја износот „2.600.000,оо ден. “се брише и се заменува со „3.600.000,оо ден”.

-позиција ФА Уредување на плоштади (капитални трошоци) износот „1.850.000,оо ден.” се брише и се заменува со„ 850.000,оо ден. “а:

...точката 2.Варналиеви со износ „1.000.000,оо ден." се брише во целост.

-позиција ФА Изградба на водоводна, фекална и атмосверска канализација износот „13.500.000,оо ден. "се брише и се заменува со „10.500.000,оо ден." а:

...точка 5.ул.УЗУС - Мало стопанство износот „6.000.000,оо ден."се брише и се заменува со „3.000.000,оо ден."

-позиција Ј Комунални дејности износот „40.672.000,оо ден. "се брише и се заменува со „43.472.000,оо ден."

-позиција ЈО Одржување на урбана опрема износот „150.000,оо ден." се брише и се заменува со „330.000,оо ден. "а во

...точка 1. Одржување износот 150.000,оо ден. се брише и се заменува со 330.000,оо ден.

-позиција Ј6 Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај износот „1.000.000,оо ден." се брише и се заменува со „1.500.000,оо ден."

...точка 1. Редовно одржување на комунални објекти и непредвидени работи износот „1.000.000,оо ден." се брише и се заменува со „1.500.000,оо ден."

-позиција ЈД Изградба на улици износот „6.300.000,оо ден" се брише и се заменува со „6.800.000,оо ден." а во:

...точка 1. Луј Пастер - асфалтирање износот „500.000,оо ден." се брише и се заменува со „1.000.000,оо" ден.

-позиција ЈД Изградба на тротоари износот „2.070.000,оо ден." се брише и се заменува со „4.070.000,оо ден." а во:

...точка 5. Вардарска (надвозник со заштитна ограда) износот „650.000,оо ден." се брише и се заменува со „1.350.000,оо ден. ",а по точка 6. се додава

...нова точка „7. Индустриска тротоар" со износ од „1.300.000,00 ден."

-позиција ЈД Изградба на потпорни зидови износот 1.902.000,оо ден. се брише и се заменува со 3.272.000,оо ден. а во:

...точка 2. Белградска износот „500.000,оо ден." се брише и се заменува со „1.500.000,оо ден. ", а по точка 3. се додаваат:

...нова точка„ 4. Тодор Јанев" со износ од „200.000,00 ден." и

...нова точка „5. Питу Гули" со износ од „170.000,00 ден." и

-позиција ЈД Изградба на комерцијални објекти и разни зафати износот „7.700.000,оо ден" се брише и се заменува со „5.700.000,оо" ден. а во:

...точка 3. Реконструкција на Градски пазар износот 6.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 4.000.000,оо ден.

-позиција ЈД Изградба на локални патишта износот „1.800.000,оо ден." се брише и се заменува со „2.050.000,оо ден." а во:

...точка 4. с.Црквино износот 500.000,оо ден. се брише и се заменува со 750.000,оо ден.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес„.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

107.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес", бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.04.2006 година.

Број 0801-1598/7
27 април 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 16, став 1, точка 16 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05, 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1586/8
26.04.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 101 од Законот за средно образование („Сл. весник на РМ" бр.52/02), член 118 од Законот за основно образование(„Сл. весник на РМ" бр.52/02), и член 16, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2006 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.15/05), се вршат следните измени во табеларниот преглед:

- во глава II Инвестиции, износот „вкупно" - „100.000" се заменува со „700.000".
- во глава II Инвестиции, реден број 1, „Адаптација и пренамена на училишни објекти", износот„100.000" се заменува со „700.000".
- Износот „Вкупно" „45.160.007" се заменува со „45.760.007".

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

108.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.04.2006 година.

Број 0801-1598/8
27 април 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 7, точка 3 од Законот за култура-пречистен текст ("Сл.весник на РМ" бр.66/03) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05, 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнув ање на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1586/9
26.04.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 7, точка 3 од Законот за култура пречистен текст ("Сл.весник на РМ" 66/03) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

`Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2006 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.15/05), се вршат следните измени во табеларниот преглед:

- во глава I Манифестации, износот „вкупно" - „3.120.000" се заменува со „4.108.620";
- во глава I Манифестации, во позицијата под реден број 1 „43 Раципови средби", износот „200.000" се заменува со „420.520";
- во глава I Манифестации, во позицијата под реден број 2 „V Интернационален фестивал на античка драма „Стоби" износот „400.000" се заменува со „1.108.000";
- во глава I Манифестации, во позицијата под реден број 3 „III Меѓународен фолклорен фестивал „Велес" износот „400.000" се заменува со "415.100";

„- во глава I Манифестации, во позицијата под реден број 15 “ Средби на Бошњаците од Македонија“ износот „30.000“ ден. се заменува со „75.000“.

После глава III се додава „ IV ДРУГИ РАСХОДИ 200.000“, под реден број 1- „Персонален данок - 200.000“

Износот во позицијата „Вкупно“ „10.341.679 “ се заменува со „ 11.530.299“.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

109.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.04.2006 година.

Број 0801-1598/9
27 април 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 7 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05, 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година

1.Се усвојува Прогамата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1586/10
26.04.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Велес („ Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, младии поддршка на НВО секторот за 2006 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.15/05), се вршат следните измени во табеларниот преглед:

- во глава V Изградба и реконструкција, позицијата под реден број 1 “ Реконструкција на спортските терени во гарнизонот на АРМ“ се заменува со „Изградба на помошен терен на игралиште во Градски парк“ и износот „1.000.000“ се заменува со „400.000“.

- во глава V „Изградба и реконструкција“ износот „2.380.000“ се заменува со „1.780.000“

-Во вкупниот износ на Програмата „5.210.000“ се заменува со „4.610.000“

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

110.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Декларацијата за прогласување на Општина Велес за прва слободна зона од Генетски модифицирани организми (ГМО)

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Декларацијата за прогласување на Општина Велес за прва слободна зона од Генетски модифицирани организми (ГМО), што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.04.2006 година.

Број 0801-1598/1
27 април 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Деклкарацијата за прогласување на Општина Велес за прва слободна зона од Генетски модифицирани организми (ГМО)

1. Советот на Општина Велес ја усвои Декларацијата за прогласување на Општина Велес за прва слободна зона од Генетски модифицирани организми (ГМО).

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1586/2
26.04.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

111.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за покренување постапка за престанување на работа на Општинското основно училиште „Трајко Андреев“ - Велес

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за покренување постапка за престанување на работа на Општинското основно училиште „Трајко Андреев“ - Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.04.2006 година.

Број 0801-1598/10
27 април 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Иницијативата за покренување постапка за престанување на работа на Општинското основно училиште „Трајко Андреев“ Велес

1. Советот на Општина Велес ја прифати Иницијативата за покренување постапка за престанување на работа на Општинското основно училиште „Трајко Андреев“ Велес, поднесена од група членови на Советот.

2. Иницијативата со образложението за причините за поведување на постапка за престанување на работа на ООУ „Трајко Андреев“ да се достави до Министерството за образование и наука при Влада на Република Македонија.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1586/11
26.04.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

112.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за месец јануари-март 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за месец јануари-март 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.04.2006 година.

Број 0801-1598/11
27 април 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.04.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Кварталниот извештај за месец јануари-март 2006 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Кварталниот извештај за месец јануари-март 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1586/12
26.04.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

113.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“

Се прогласува Решението за разрешување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.04.2006 година.

Број 0801-1598/12
27 април 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 7 од Одлуката за востановување на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.3/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.04.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“

1.За членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ се именуваат:

- Младен Крстевски - актер и режисер
-Југослав Петровски - драмски писател
- Зоран Љутков - актер

2. Мандатот на членовите на Комисијата трае до доделувањето на наградата.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1586/13
26.04.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

114.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување на членови на Училишниот одбор во Посебното основно училиште „Маца Овчарова“-Велес

Се прогласува Решението за разрешување на членови на Училишниот одбор во Посебното основно училиште „Маца Овчарова“ - Велес што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.04.2006 година.

Број 0801-1598/13
27 април 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Сл.весник на РМ“ бр.35/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.04.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на претставници од Општина Велес за членови во Училишниот одбор на Посебното основно училиште „Маца Овчарова“ Велес

1.Се разрешуваат претставниците од Општина Велес за членови во Училишниот одбор на Посебното основно училиште „Маца Овчарова“ Велес и тоа:

-Миле Маџаров;

-Светлана Тодосова

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1586/14
26.04.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
102	3 **А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за востановување на свечена песна-химна на Општина Велес** **ОДЛУКА за востановување на свечена песна химна на Општина Велес**	139
103	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на заштитен знак на Општина Велес** **ОДЛУКА за утврдување на заштитен знак на Општина Велес**	140
104	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на маскота на Општина Велес** **ОДЛУКА за утврдување на маскота на Општина Велес**	140
105	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес**	141
106	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година** **П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година**	142
107	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година**	143

Бр на акт **Страница**

108	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнув ање на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година** **П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година**	144
109	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година** **П Р О Г Р А М А за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година**	145
110	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Декларацијата за прогласување на Општина Велес за прва слободна зона од Генетски модифицирани организми (ГМО)** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Деклкарацијата за прогласување на Општина Велес за прва слободна зона од Генетски модифицирани организми (ГМО)**	146
111	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за покренување постапка за престанување на работа на Општинското основно училиште „Трајко Андреев“ - Велес** **З А К Л У Ч О К за прифаќање на Иницијативата за покренување постапка за престанување на работа на Општинското основно училиште „Трајко Андреев“ Велес**	146
112	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за месец јануари-март 2006 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Кварталниот извештај за месец јануари-март 2006 година**	147
113	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“**	

Бр на акт **Страница**

	Р Е Ш Е Н И Е за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“	
113	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување на членови на Училишниот одбор во Посебното основно училиште „Маца Овчарова“-Велес**	148
	Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на претставници од Општина Велес за членови во Училишниот одбор на Посебното основно училиште „Маца Овчарова“ Велес	

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00